**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**

**Број 03-201/3**
**18/03/2025 година**
**ПЛАСНИЦА**

**ДО: МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ**
- **Сектор за еднакви можности**
  **Ул. Даме Груев број 14**
  **1000 Скопје**

**ПРЕДМЕТ: Достава на годишен извештај**

Почитувани,

Согласно обврската предвидена во член 15 став 1 од Законот за еднакви можности на жените и мажите (Службен весник на Р.С.Македонија бр. 6/12, Испр. 30/13, 166/14, 150/15 и 53/21 година), и дадената законската обврска за доставување на Годишен извештај за унапредување на состојбата со еднаквите можности на жените и мажите, општина Пласница, изготви годишен извештај за 2024 година.

Годишниот извештај со бр.03-201/2 од 18.03.2025 година за напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените и мажите за 2024 година за општина Пласница го испраќаме во прилог на овој допис, до надлежното министерство.

За дополнителни информации, може да се обратите на општинаската емаил адреса: opstina_plasnica@yahoo.com, или на тел: 045/287/086.

Со почит.

**Прилог:**
- **Годишен извештај на единиците на локалната самоуправа за напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените и мажите во општина Пласница бр. 03-201/2 од 18.03.2025 година.**

**18.03.2025 год**
**Пласница**

**ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**АЛИЈА ЈАОСКИ**
-----------------------------------

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - ОПШТИНА ПЛАСНИЦА
KUZEY MAKEDONYA CUMHURİYETİ - PLASNİTSA BELEDİYESİ
Бр.-No. 03-201/2
18.03 2025 год.- yil.
ПЛАСНИЦА - PLASNİTSA

**Годишен извештај на единиците на локалната самоуправа за напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените и мажите**

**Годишен извештај за период 2023 година**

---

## 1. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| **Единица на локална самоуправа** | Општина Пласница |
| **Изработил (име, презиме и функција)** | Санела Амитоскка – Самостоен референт<br>Едисен Зеќироски – Раководител на одделение |
| **Период на известување** | Известувањето се однесува за период **2024** година |
| **Дата на поднесување на извештајот** | 20.03.2025 година |

**Име и презиме (Одговорно лице (градоначалник) кој го одобрува извештајот и ја потврдува неговата веродостојност)**
**Алија Јаооски – Градоначалник на општина Пласница**

**Датум, 20.03.2025 година**

**Потпис:**

**(Прием на извештајот во Министерство за труд и социјална политика)**

**Дата,**

**Име Презиме (на Раководител на сектор за еднакви можности) :**

**Потпис:**

## 2. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ (ЗЕМ)

| |
|---|
| 2.1. Дали имате преземени основни и посебни мерки согласно чл. 5, 6 и 7 од ЗЕМ (заокружете доколку имате)<br><br>А) Позитивни<br>Б) Охрабрувачки<br>В) <u>Програмски</u> |
| 2.2. Опис на мерките што ги имате преземено:<br>Во Ноември 2024 година од страна на Советото на општина Плсница, донесена е Годишна Програма за работа на Комисијата за еднакви можностина жените и мажите во општина Пласница за 2025 година, во која се потенцирани, кои активности ќе бидат преземени во таа календарска година, како и кои се надлежностите на формираната Комисија за еднакви можности на жените и мажите во општина Пласница.<br>Исто така од страна на Советото на општина Пласница донесена е и Одлуката за формирање на комисија за еднакви можности, каде се избра нов претседател на оваа комисија и двајца членови, односно оваа комисија е составена од советници од новиот состав на советници во општина Пласница. Одлуката за оваа комисија беше донесена на втората седница на Совет.<br>Од страна на Градоначалник во Јануари 2023 година донесено е решение за именување на кординатор и заменик кординатор за еднакви можности во општина Пласница. |
| 2.3. Мерење на успешност на мерката (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа мерка):<br><br>2.4. Дали имате предвидено показатели/индикатори за следење на успешноста и напредокот (Ве молиме наведете само аутпут индикатори[1])<br><br>Како општи цели кои се наведени во годишната програма се:<br>Комисијата за еднакви можности на жените и мажите е формирана со цел да го промовира родовиот концепт на локално ниво и да го имплементира Законот за еднакви можности на жените и мажите.<br>-Превенција од насилство, насилство врз жените и семејно насилство, (превенција и заштита од родово и полово базирано насилство);<br>-Промоција и вклучување на Општина Пласница во родово одговорно буџетирање;<br>-Влијание во намалување на насилството кај децата и младата популација (разрешување на конфликти и превенција од насилство меѓу децата врз етничка, верска, полова и друга основа);<br>-Воспоставување на поголема соработка на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите (КЕМ) со невладиниот сектор (НВО);<br>-Промоција на концептот за потикнување на еднаквите можности на жените и мажите и другите членови на заедницата за учеството во јавниот и политичкиот живот како значаен аспект за развој на граѓанско општество;<br>-Инклузија на децата со посебни потреби и пречки во развојот во образовниот систем |

[1] *Аутпут индикаторите* ја мерат количината на стоки или услуги кои се добиваат со реализација на активностите од одделните програми, или пак број на жени и мажи опфатени со одделни програми. Пример за аутпут индикатор е број на мажи/жени опфатени со здравствените програми, број на жени опфатени со програмата за субвенционирање на земјоделството, број на жени од таргет група 24-49 години опфатени со Активните програми мерки за вработување и др. Преземено од *Насоки за подготовка на предлог буџетска пресметка*, Министерство за финансии, http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/OP_2012.pdf

| |
|---|
| 2.5. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, наведете ги во прилог на извештајот:<br>За актите кои се донесени како и за активностите кои се преземени во текот на 2023 година од страна на општина Пласница, истите се објавени и на веб страната на општина Пласница, www.plasnica.gov.mk, како и планираните активности за календарската 2024 година. |
| 2.6. Преземени иницијативи за инкорпорирање на принципот на еднакви можности на жените и мажите во стратешкиот план и буџетот на ЕЛС (согласно член 11 од ЗЕМ):<br><br>За оваа цел и по основ на годишна програма, во Буџетот на општина Пласница за 2025 година во буџетот ќе се предвидат околу 65.000,00 денари, наменети за родовото буџетирање во општина Пласница, доколку се јави потреба од дополнителни активности, од страна на комисијата ќе биде иницирана измана и дополна на оваа програма, во која ќе се предвидат дополнителни средства, како и активности, согласно расположливите средства на општината, како и евентуално предвидување на дополнителни активности, согласно важечките законски процедури. Во годишната програма за 2025 година во точка 3 има наведено акциски план и табела со активности кои се планираат да се преземат. |
| 2.7. Мерење на успешност на иницијативата (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа иницијатива):<br>/ |
| 2.8. Дали имате предвидено показатели/индикатори за следење на успешноста и напредокот на иницијативата (Ве молиме наведете само аутпут индикатори)<br>/ |
| 2.9. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, наведете ги овде насловите и приложете ги со извештајот<br>/ |
| 2.10. Дали ЕЛС во рамките на активностите за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите соработувал со социјалните партнери и невладините организации активни на полето на еднаквите можности на жените и мажите?<br><br>Да |
| 2.11. Дали базата на податоци со која располага ЕЛС е разделена по пол?<br><br>а) база на податоци која се однесува на човечки ресурси<br>* приложете документ со преглед на човечките ресурси поделени по пол (вкупен број на вработени, по звање)<br><br>б) база на податоци која се однесува на програмскиот дел (опфат на корисници по пол од одредени програми, услуги, мерки итн.)<br>* приложете документ со краток опис на локална стратегија/акциски план/услуга и податоци разделени по пол за <u>предвидени</u> корисници, целни групи, и податоци разделени по пол за <u>опфатени</u> корисници, целни групи итн.<br><br>Општината не располага со база на податоци, со преглед на човечките ресурси поделени по пол, во општината, ниту база на податоци која се однесува на програмскиот дел (опфат на корисници по пол од одредени програми, услуги, мерки итн.). |

| |
|---|
| **2.12.Дали Локалната самоуправа има локален акциски план за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите во ЕЛС?**<br><br>**Не** |
| **2.13.Ако одговорот е да, тогаш приложете го акцискиот план со извештајот и опишете:**<br>**а) кои активности ги има превземено ЕЛС во текот на извештајниот период**<br>**б) кои резултати се постигнати согласно Акцискиот план**<br>**в) како го меревте постигнувањето на успехот на резултатите (наведете аутпут индикатори)**<br>**г) колку средства се одвоени од буџетот на општината а колку од донации?** |
| **2.14.Дали надлежностите и задачите на координаторот конкретно се утврдени во актот за систематизација на работните места во ЕЛС?**<br><br>**Во систематизација на работните места во ЕЛС – Пласница, предвидено е работно место: Самостоен референт за стручно административни работи во областа на јавните дејности и една од неговите надлежности е: собирање и прибирање на податоци од областа на образованието, културата, социалната заштита и родовата еднаквост, како и негово задолжително учество во подготовка на акти за еднакви можности помеѓу жените и мажите.** |
| **2.15.Кои обуки во текот на извештајниот период координаторот/координаторката ги има реализирано?**<br><br>**Дали тој во обуките се јавил/а како:**<br>**А) слушател/слушателка**<br>Б) обучувач/обучувачка |

**2.16 Во рамките на целосниот период на извршувањето на функцијата, наведете кои обуки (наведете тематски родова еднаквост и недискриминација, трговија со луѓе, семејно насилство, родова еднаквост и социјална заштита итн). Координаторот за еднакви можности има посетено:**

**Обука за родова еднаквост и социјална заштита**

**2.17. . Како добиените знаења се понатаму пренесени во Вашата институција, дали имате воспоставено метод или систем на пренесување на знаења (пренесување на информации, споделување на материјали, држење на кратки сесии за пренесување на знаења на колеги итн.)**

**Ве молиме опишете:**

**Од страна на координаторот/кординаторката и од странана на Комисијата за еднакви можности, се следат и се пренесуваат активностите кои се однесуваат на родвата еднаквост. Дел од овие активности се пренесуваат кога се оджува седница на Совет во општината**

**2.18.Колку и кои иницијативи (проекти, програми и активности на ЕЛС, предлог стратегии) координаторот/координаторката за еднаквите можности на жените и мажите има доставено до ЕЛС?**

Координаторот/координаторката за еднаквите можности на жените и мажите, се еден од учесниците во изготвувањето на Предлог програмата за еднакви можности на жените и мажите во општината.

2.19.**Колку од тие иницијативи биле усвоени и реализирани во ЕЛС?**

Во голем дел, предлозите кои биле дадени од страна на кординаторот, биле прифатени и внесени во Годишната програма.

## 3. ПРЕДИЗВИЦИ, ДОБРИ ПРАКСИ И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ

**3.1. Наведете предизвици со кои што сте се соочиле во ЕЛС текот на извештајната година и како сте ги надминале?**

**Би сакале да ве информираме дека општина Пласница е една од помалите општини во Македонија и во делот на родовата еднаквост, од година во година се обидува да даде придонес со свои активности во унапредвањето на родовата еднаквост во нашата општина.**

**Во однос на тоа една од областите беше и преземањето на активности во делот на родовата еднаквост во општината како и предвидувањето на средства (родово буџетирање) во општината, и слично.**

**Како и во изминатте 2021, 2022, 2023, 2024 година, така и во календарската 2025 година, веќе се предвидени повеќе активности за кои се планират да се преземат во оваа област.**

| |
|---|
| |
| **3.2.** Споделете пример за добра или лоша пракса<br>/ |
| **3.3.** Наведете примери за научени лекции<br>/ |

## 4. СЛЕДНИ ЧЕКОРИ

| |
|---|
| **4.1.** Опишете накратко кој е вашиот план на активности за следната година и кон што ќе придонесат (имплементација на Стратегијата за родова еднаквост, стратешки документи на ЕЛС итн.).<br><br>**Активностите кои ќе се преземат во текот на 2025 година во голем дел се наведени во Годишната програма за еднакви можности на оптина Пласница. Еден од главните активности во периодот 2025 година, ќе биде посетување на повеќе обуки од областа на родовата еднаквост, како и поголема транспарентност на општината со објавување на актите на официалната веб страна на општината, соработка со Мин за труд и социјална политика, и невладините организации кои се занимаваат со оваа проблематика.**<br>**Активности за:**<br>**-Трибина на тема „Превенција, откривање и лекување на рак на дојка“.**<br>**-Трибина на тема „Ризик фактори и превенција од дијабет“.**<br>**-Организирање на трибини за запознавање со правата и можностите кои произлегуваат од Законот за еднакви можности на жените и мажите**<br>**-Изработка на информативен материјал и многу други активности наведени во годишната програма.** |
| |

## 5. КОМИСИЈА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ

| |
|---|
| **5.1.** Кога е формирана комисијата за еднакви можности на жените и мажите<br><br>- комисија е формирана во 2021 година, со Одлука на совет на општина Пласница со бр.08-596/8 од 22.11.2021 година и измена на Одлука за формирање на комисија за еднакви можности со бр.08-531/17 од 27.11.2023 година. |

5.1.1. Ве молиме наведете ја структура на комисија по:

а) Пол

б) Образование

в) Етничка припадност

г) Припадност на политичка партија

Конијате составена од 3 (три) члена, и тоа:
Пол: 2-маши, 1- жена,
Образование: 2 – члена со средно образование и 1 член со основно образование.
Етничка припадност: сите 3 (три) члена се со Турска припадност.
Припадност на политичка партија: 3- (три) члена се од редот на Демократската унија за интеграција – ДУИ.

5.2. Наведете дали Комисијата за еднакви можности на жените и мажите активно учествуваше:

а)во креирање и донесување на развојна програма на ЕЛС

б) во донесување на буџет на ЕЛС

в) во давање предлози за инкорпорирање на принцип на еднакви можности во работата на органите на ЕЛС

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите активно учествува во донесување на Буџет на единицата на локалната самоуправа и во давање предлози за инкорпорирање на принципот на еднакви можности во работата на органите на единицата на локалната самоуправа.

5.3. Кои мерки и активности во насока на унапредување на еднакви можности КЕМ ги има доставено до советот на ЕЛС?

Комисијата учествува во активности во изготвувањето на Предлог-програмата за еднакви можности и истата е доставува до Советот.

5.4. Дали Комисијата за еднакви можности на жените и мажите има годишна програма за работа?

ДА

5.5.. Наведете колку состаноци има одржано Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, на кои теми и доколку сакате одредени добри пракси од тие состаноци да се наведат во годишниот извештај, Ве молиме наведете накратко тука и приложете записници.

/

## 6. ПРЕДЛОЗИ И СУГЕСТИИ ДО СЕМ-МТСП

6.1. Наведете Ваши предлози или иницијативи до СЕМ- МТСП во насока на подобрување на:

а) Функционалноста и координацијата на механизмите за родова еднаквост помеѓу

| |
|---|
| **централно и локално ниво или помеѓу ЕЛС**<br><br>**б) Имплементација на Стратегијата за родова еднаквост во секторските политики/програми** |